Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **ЗЕМЈИШНО – КНИЖНО ПРАВО** | | | |
| 2. | **Код** | **5080303** | | | |
| 3. | **Студиска програма** | ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор степен | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/8 | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | | Проф. д-р Родна Живковска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |

**10. Цели на предметната програма (компетенции):**

Концепцијата на наставната програма по предметот Запишување на правата на недвижностите (земјишно – книжно право) има за цел студентите да се стекнат со теоретски и практични познавања од областа на запишувањето на правата на недвижностите, како доста значајна и актуелна сфера во правниот систем на Р. Македонија.

Од студентот пред се се очекува да ја совлада техниката на правилна примена на законските прописи (читање и толкување на законските норми) од областа на запишувањето на правата на недвижностие.

Преку наставната програма студентот се запознава детално со уписите на правата на недвижностите што постојат во Република Македонија, а кои имаат конститутивно дејство.Притоа тој се учи да ги чита податоците од јавните исправи (имотниот лист, листот за времени објекти, и евидентниот лист и др.) кои ги издава Агенцијата за катастар на недвижности. Исто така, студентот има можност да се запознае со компаративното право од оваа област на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија, како и на англосаксонското право.

**11. Содржина на предметната програма:**

Предметната програма Запишување на правата на недвижностите (Земјишно-книжно право) ја изучува правната регулатива која се однесува на запишувањето на правата на недвижностите во објективното право на Р. Македонија и пошироко - во објективните права на земјите членки на ЕУ. Со оглед на фактот дека за стекнување на одредено стварно право на недвижностите е неопходно тоа да се запише во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, овој предмет ги изучува:

- општите правила на запишувањето;
- начелата на запишувањето (конситутивност на уписот, задолжителност на уписот, точност на податоците, јавност на податоците и др.);
- начинот на востановувањето на катастарот на недвижностите;
- правата кои се запишуваат во катастарот на недвижностите;
- видови на запишување во катастарот на недвижностие;
- одржување на катастарот на недвижностите;
- Работата и надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности;

Во рамките на овој предмет исто така се изучуваат:

- Правниот режим на недвижностите и нивната улога во сопственоснoправниот систем (земјишта: градежни, земјоделски, шумски и пасишта);
- Системите на запишување во светот;

а) земјишно-книжен (германски, австриски, швајцарски, хрватски и словенечки;
б) систем на транскрипции и инскрипции (италијански);
в) Систем на регистрација (англосаксонски);

- Системи на запишување на правата на недвижностите во Република Македонија:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | а) катастар на недвижности;<br>б) катастар на земјиште;<br>в) таписки систем.<br>- Законските и подзаконските прописи кои го уредуваат запишувањето на правата на недвижностите во компаративното право. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Интерактивна настава, симулација на случаи, изработка на проекти и истражувања | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 5+0+1,2+0+3,5 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Предадена проектна задача | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Р. Живковска | Стварно право | Европа 92 | 2005 |
| 2. | Р. Живковска, Т. Пржеска, С. Димова и Н. Петрушевска | Коментар на Законот за катастар на недвижности | Европа 92 | 2013 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | П.. Спаркс | Европско стварно право | Просветно дело | 2009 |
| | 22.2 | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Џ.Гордли | Основи на приватното право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа | Просветно дело | 2009 |